## 5. ПОКАНА

ПОКАНА

за учество на тренинг за инспекциски надзор во животна средина

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на тренингот за инспекциски надзор во животна средина кој ќе се одржи на 06.12.2023 со почеток од 10 часот во просториите на Државен инспекторат за животна средина.

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот“, кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат Дарко Блинков, генерален инспектор за животна средина и Љупчо Гроздановски од Македонскиот информативен систем за животна средина, а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со водичот за инспектори, е-инспектор порталот со кој се овозможува електронско планирање и следење на надзорот, а учесниците ќе имаат прилика да се обучат и за вршење инспекциски надзор на Б дозвола во делот на емисии во воздух и другите аспекти поврзани со аерозагадувњето.

За таа цел од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во одделението за животна средина и инспекциски надзор.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот. Воедно, со цел подобра организација на настанот Ве замолуваме најдоцна до 04.12 да не информирате за бројот на претставници од Вашите општини кои ќе присуствуваат на тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,

Центар за климатски промени

## 6. АГЕНДА

**Агенда**

Тренинг за инспектори за животна средина, Водич за инспектори

**Дата:** 06.12.2023, 10:00 часот

**Локација: Државен инспекторат за животна средина, ул. Бихаќка, Палата „Емануел Чучков", бр.2, 1000 Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| **10:00-10:30** | **Регистрација на учесници** | |
| **10:30-10:45** | Отварање на тренингот<br><br>Вовед во тренигот и темата | **Сретен Стојковски, Директор на ДИЖС**<br>**УНДП**<br>**Бојана Станојевска Пецуровска** |
| **10:45 – 11:30** | Презентација на водичот за инспекција во животна средина и Законот за инспекциски надзор во животна средина | Дарко Блинков |
| **11:30 – 12:10** | Презентација на е-инспектор (планирање, реализација и изестување за самиот надзор) | Дарко Блинков |
| **12:10 – 12:30** | Кафе пауза | |
| **12:30-13:00** | Презентација на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух | Љупчо Гроздановски, МЕИЦ, МЖСПП |
| **13:00 – 13:45** | База на податоци (стационарни и мобилни извори и Б дозволи)<br>Студија на случај во секоја општина | Менторирана сесија |
| **13:45 – 14:10** | Дискусија и заклучоци | Ситеучесници |
| **14:10 – 15:00** | Ручек | Локација |